РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ
СКОПЈЕ

| Примено: 21.03.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност |
| 09 | 3 | / | |

# МОДЕЛ НА ПОСЕБНА ПРОГРАМА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ

# НА ЦЕНТАРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА УСТАНОВАТА/ИНСТИТУЦИЈАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ | | |
|---|---|---|
| 1. | **Датум на аплицирање** | 18.12.2013 |
| 2. | **Назив на установата/институцијата за образование на возрасни** | Академија Кармен Ексклузив |
| *3. | **Број на лиценца на установата/институцијата за образование на возрасни** | |
| 4. | **Име и презиме на директорот** | Димче Ивановски |
| 5. | **Податоци за контакт** | **Адреса**: Блаже Ругузинарот 56 |
| | | **Телефонски број**: 047 22 64 61 моб. 075 208 548 |
| | | **Е-маил адреса**:info@studiokarmen.com.mk |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | **Податоци за координаторот на програмата** | **Име и презиме**:Димче Ивановски<br>**Работна позиција**: фризер<br>**Квалификација**: мајстор – фризер за жени и мажи<br>**Телефонски број**: 047 22 64 61 моб. 075 208 548<br>**Адреса на е-пошта**: info@studiokarmen.com.mk |
| 7. | **Назив на програмата** | Шминкер |
| 8. | **Опис на програмата** | Програмата за занимањето шминкер се темели на стандард на занимање кое се стекнува преку стручно теоретски содржини и практична обука. Содржините од стручната теорија се реализираат во опремена училница/кабинет опремен да функционира и практичната обука. Практичната обука се изведува во салони за шминкање. Програмата е со 250 часа или тримесечно времетраење.<br>Прогамата е прилагодена според изготвен стандард на занимањето и истата дава можност учесникот во програмата да ја организира сопствената работа, да го подготвува салонот и клиентот за шминкање, да советува клиенти, подготвува и изведува целна и специјална шминка, шминка тело и лице за целна и специјална шминка, комуницира со клиентите, со снимателите и со режисерот, води грижа за сопствената безбедност и безбедноста на клиентот, како и за здравјето и околината, води евиденција и подготвува пресметки за работата, ги познава правата од работен однос и можностите за водење на сопствен бизнис почитува работната етика и морал.<br>По успешно завршување на програмата се полага завршен испит со што учесникот се здобива со сертификат за работна оспособеност Шминкер. Програмата дава можност за вертикално напредување во програми од повисоко ниво во занимања. |
| | **Профил на учесникот на програмата** | Учесникот да има завршено основно образование<br>Возрас над 15 години, и да ги поседува следните особини:<br>- психофички, емоционално способен и стабилен:<br>- да има афинитет за оваа работа<br>- осет за допир<br>- разликува основни и изведени бои и тонови<br>- спретност<br>- чувство за уредност<br>- чувство за естетика |
| 10. | **Планиран број на учесници во програмата** | Планираниот број на учесници до 10<br>Заради поголема ефикасност при реализација на практичната обука во салон за шминка или (козметички салон, учесниците се распределуваат во групи. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11. | **Цели на програмата** | По завршувањето на обуката учесникот ќе се стекне со знаења, вештини и ќе биде оспособен да:<br>- планира, подготвува, организира и извршува работните задачи;<br>- користи рационално материјали, опремата и времето;<br>- применува хигиено технички мерки во салонот;<br>- подготвува клиент за шминкање;<br>- избира целни и специјални шминки;<br>- шминка тело и лице;<br>- советува клиентите за индивидуална шминка и за изборот на производи и прибор за шминкање;<br>- применува мерките за заштита при работа;<br>- комуницира со корисниците на услугите и користи соодветни информациско-комуникациски средства;<br>- развива претприемачките вештини, работи во тим и доживотно учи и се усовршува. | | |
| 12. | **Резултати од програмата** | По завршување на обуката учесникот стекнува знаења и вештини и се оспособува да :<br>- организира и извршува работни задачи шминкер во козметички салон;<br>- создава хигиено технички услови за работа;<br>- комуницира со корисниците на услугите и користи соодветни информациско-комуникациски средства;<br>- подготвува работно место и клиент за шминкање;<br>- избира прибор и средства за шминкање за целна и специјална шминка;<br>- шминка тело и лице;<br>- советува клиентите за избор на шминка, производи и прибор за шминкање;<br>- води сопствен бизнис;<br>- применува мерки за заштита при работа и заштита на работната средина;<br>- користи рационално материјали, опремата и времето;<br>- применува норми на работна етика. | | |
| 13. | **Критериуми за влез во програмата** | Завршено основно образование и возраст над 15 години. Психофизички здрав со добри природни стекнати и развиени способности, емоционално способен и стабилен, со афинитет за оваа работа, да има осет за допир, да е спретен, и има чувство за естетика и уредност | | |
| 14. | **Времетраење на програмата** | | **Вкупен број на часови** | **Изразено во проценти** |
| | | **Теорија** | 50 | 20% |
| | | **Пракса** | 175 | 70% |
| | | **Оценување** | 25 | 10 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | *<u>Други информации</u><br>**Број на часови неделно**: 20<br>**Траење на програмата во месеци/години**: 3<br>**Дополнителни коментари**: | |
| **15.** | **Форми на спроведување на наставата** | **Форми на спроведување** | **Забележи** |
| | | Настава во училница/кабинет | Опремена со потребни нагледни средства и помагала |
| | | Практична настава | Опремен салон за шминка, работен стол, со потребна опрема, средства, апарати и препарати |
| | | Електронско учење | |
| | | Настава на далечина | |
| **16.** | **Методи во наставата** | **Метод** | **Забележи** |
| | | Предавање | Активно учење, андрагошка методика |
| | | Дискусии во група | Врз претпоставени или реални студии на случај |
| | | Набљудување | Демонстрации и наблудување со коментари и анализи |
| | | Истражување/откривање | |
| | | Учење преку симулации | да |
| | | Учење насочено кон решавање на проблеми | Преку студија на случај, реални случаи и стекнати сознанија и искуства |
| | | Практична настава во работилница/кабинет | Меѓусебни изведби кај самите учесници од групата, а подоцна под надзор на клиенти |
| | | Обука на работно место | Во и салон за шминка или козметички салон |
| | | Индивидуална настава | да |
| | | Самонасочено учење | да |
| | | Посети/студиски патувања | |
| | | Друго (специфицирај): Активно учење, настава ориентирана на учесникот, според потребите и можностите на учесникот, почитувајќи ги стиловите на учење на учесникот. За практичната обука ќе се користи четири чекорен метод; демонстрација, изведба, следење и инструирање, анализа и самовреднување | |

| 17. | Структура на програмата (наведи ги предметите/ тематските целини на програмата) | Назив на предметот/ тематската целина | Опис | Статус (задолж ителен / | Времетра ење (часови) | Методи на оценување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1. РАБОТНО МЕСТО ШМИНКЕР | Учесникот по реализација на содржините ќе може да:<br>-применува кодекс на облекување;<br>-опишува лик и изглед на професионалниот шминкер<br>-препознава потребна опременост во салонот за шминка<br>-објаснува потреба од уреденост и естетика во салонот (пријатна средина за работа)<br>-објасне важност на естетиката и убавината<br>-објаснува потреба од почитува етички норми<br>-објасне потреба од почитување на морални норми во работата<br>-да применува вештини на добра деловна комуникација<br>-да врши прием на клиент и почитува правилата на комуникацијата,<br>-закажува клиентите, информира и сл. | Задол жителен | 10 | Усна проверка<br><br>Писмена проверка-тест на знаење на одредени содржини |
| | | 2.ПОДГОТОВКА НА РАБОТНОТО МЕСТО | -објаснува потреба и значење за одржување на личната хигиена, хигиена на рацете, хигиената на работното место, хигиена на просторијата, алатот и инструментите за работа;<br>-објаснува можни болести | Задол жителен | 10 | Усна проверка<br><br>Писмена проверка-тест |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | и пореметувања кои настануваат како последица од непочитување на хигиена; асепси и антисепси;<br>-објаснува потреба од дезинфекции и стерилизации на лични средстав за заштита<br>-ја надгледува и ја одржува хигиената на просторот и на приборот;<br>-ги користи средствата за дезинфекција, како и методите за дезинфекција и стерилизација;<br>-ги чисти и дезинфицира приборот и инструментите за работа;<br>-Води грижа за својата безбедност, како и за безбедноста на клиентите и соработниците;<br>-употребува заштитна и безбедносна опрема во текот на работата;<br>-работи во согласност со инструкциите за безбедност и здравје при работа, како и регулативите за заштита на околината;<br>-го сортира отпадниот материјал;<br>-ја познава опремата за заштита и безбедност при работа;<br>-ги препознава штетните | | | на знаење на одредени содржини<br><br>Практична работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | супстанции и знае правилно да ракува со отпадните материјали. | | | |
| | **3.АНАТОМИЈА И ФИЗИОЛОГИЈА НА КОЖАТА** | -советува клиенти за нивните желби и можности;<br>-анализира карактеристики на лицето;<br>-дава совети за можностите за шминкање, за целта на шминкањето, како и за модните трендови;<br>-советува за индивидуалната шминка;<br>-советува клиенти за изборот на производите и помошните средства за шминкање;<br>-ја познава анатомијата и физиологијата на кожата:<br>-познава типови и состојби на кожата;<br>-ги познава основите на психологијата и етиката;<br>-ја познава морфологијата на лицето;<br>-ги познава стиловите на шминкање, во зависност од намената и условите;<br>-ги познава класичните и современите трендови:<br>-објаснува значење и потреба на професионалната козметтологија за нега на лице и шминка; | Задол жителен | 20 | Усна проверка<br><br>Писмена проверка-тест на знаење на одредени содржини<br><br>Практична работа |
| | | -го заштитува клиентот со капа и со наметка; | Задол | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 4. ТЕХНОЛОГИЈА НА ШМИНКАЊЕТО<br><br>5. ШМИНКАЊЕ И КОРЕКТИВНИ ТЕХНИКИ | -го чисти лицето површински;<br>-ја подготвува кожата за понатамошните постапки за шминкање;<br>-ги обликува веѓите;<br>-ги поправа ситните и покрупните недостатоци со корективна техника;<br>-избира пудра согласно со тенот на кожата;<br>-ги избира квалитетот и бојата на пудрата за кожата околу очите;<br>-ја обликува морфологијата на лицето со помош на бои и техники;<br>-нанесува пудра во три фази:корективна пудра/основа, тен пудра и пудра во прав;<br>-ги утврдува симетријата и соодносот помеѓу деловите на лицето;<br>-ја познава постапката за подготвување на клиентот за шминкање;<br><br>-применува техники, препарати и средства за чистење на лицето;<br>-ги употребува препаратите согласно со типот и состојбата на кожата;<br>-ги препознава симетријата и размерот помеѓу очите и обликот на лицето;<br>-ги познава и применува основните правила за форма на веѓите во | жителен<br><br>Задол жителен | 20<br><br>50 | Усна проверка<br><br>Писмена проверка-тест на знаење на одредени содржини<br><br>Практична работа<br><br>Усна проверка<br><br>Писмена проверка-тест |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | однос на елементите на лицето;<br>-применува техники за обликување на веѓите;<br>-ги познава естетиката и симетријата на лицето;<br>-ги утврдува неестетските појави на лицето;<br>-ги познава корективните техники и производи и знае соодветно да ги избере;<br>-ги применува корективните техники;<br>-ги познава боите на теновите на кожата;<br>-ги препознава различните пудри согласно со нивниот квалитет и тип;<br>-ги препознава основите на сенките и светлоста;<br>-ги применува техниките на тенирање, тонирање, нијансирање, сенчење и бојосување;<br>-ги применува принципите за симетрија и деловите на лицето;<br>-ги познава алергиските реакции на препаратите за шминкање. | | | на знаење на одредени содржини<br>Практична работа |
| | | **6. ШМИНКАЊЕ ОЧИ И ВЕЃИ** | -го анализира обликот на очите;<br>-избира нијанси на бои во однос на формата и бојата на очите;<br>-избира соодветни четкички; | Задолжителен | 30 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | -нанесува и ги затемнува нијансите со помош на четкичка;<br>-повлекува линии околу очите;<br>-избира маскара;<br>-ибира и користи прибор за фиксирање на вештачките трепки;<br>-бои трепки<br>-ги фиксира вештачките трепки;<br>-го познава обликот на очите и очните капаци;<br>-ги познава приборот и производите за шминкање на очите;<br>-шминка очи во зависоност од обликот;<br>-ги познава основите на хроматологијата;<br>-го познава спектарот на бои и основи за мешање на боите;<br>-меша бои по желба на клиентот;<br>-ги познава техниките за сенчење и оцртување на очите;<br>-сенча и оцртува очи;<br>-познава техники и производи за корекција на веѓите со помош на шминка.<br>-коригира веѓите со помош на боење и цртање;<br>-препознава алергиски реакции од препаратите за шминкање. | | | Усна проверка<br><br>Практична работа |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **7. ШМИНКАЊЕ НОС И ОБЛИКУВАЊЕ ЈАГОДИЦИ** | -избира соодветни бои и техники за коригирање на носот;<br>-го коригира носот согласно со размерот и соодносот помеѓу цртите на лицето;<br>-разликува различни форми и големини на носови;<br>-ги познава техниките за корекција на нос.<br>-ги применува техниките за корекција на нос;<br>-објаснува потреба од обликување на јагодици;<br>-избира корективни руменила;<br>-ги коригира јагодиците според соодносот на деловите на лицето со помош на корективни руменила;<br>-го знае соодносот помеѓу деловите на лицето;<br>-ги познава техниките и производите за корекција на јагодиците;<br>-ги применува техниките и професионалните производи за корекција на јагодиците; | Задолжителен | 30 | Усна проверка<br><br>Практична работа |
| | | **8. ШМИНКАЊЕ УСНИ** | -ги утврдува големината и формата на усните во однос на нивниот сооднос со цртите на лицето;<br>-нанесува основа/подлога;<br>-ги исцртува усните со моливче;<br>-одбира соодветна боја во однос со севкупниот изглед; | Задолжителен | 30 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | -одбира шминка;<br>-нанесува боја на усните;<br>-усогласува шминката со избраната целокупна изведба;<br>-ги препознава големината и формата на усните во однос со другите делови од лицето;<br>-ги познава средствата за корекција на шминката;<br>-ги познава техниките за корекција на усните со помош на шминкање.<br>-применува техники за корекција на усни со шминкање;<br>-нанесува боја на усните;<br>-ја усогласува шминката со избраната целокупна изведба;<br>-ги препознава големината и формата на усните во однос со другите делови од лицето;<br>-ги познава средствата за корекција на шминката;<br>-ги познава техниките за корекција на усните со помош на шминкање.<br>-избира соодветните производи за зацврстување на шминката;<br>-Нанесува соодветен производ за зацврстување на шминката;<br>-ги познава производите за зацврстување и | | | Усна проверка<br><br>Практична работа |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **9. ЦЕЛНА И СПЕЦИЈАЛНА ШМИНКА** | фиксирање на шминката.<br>-избира соодветни бои што не прават рефлексија;<br>-избира соодветни бои што неправат сјај ;<br>-користи соодветен интензитет на боја;<br>-користи јаки специјални ефекти;<br>-користи интензивни бои;<br>-го определува спектарот на бои во однос на видот и јачината на светлото;<br>-прави шминка во согласност со соодветниот и бараниот историски период;<br>-знае кои бои ја одбиваат или ја апсорбираат светлината;<br>-ги познава техниките за постигнување специјални ефекти ;<br>-ги знае карактеристиките на историските периоди;<br>-ги идентификува желбите на клиентот;<br>-го советува клиентот при избор на карактер согласно со карактеристиките на лицето и телото;<br>-го анализира фацијалниот израз;<br>-шминка согласно со избраниот лик;<br>-избира шминка и прибор за шминкање;<br>-произведува избрана шминка;<br>-ја приспособува шминката на периката; | Задол жителен | 30 | Усна проверка<br><br>Практична работа |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | -ги познава техниките за шминкање на лицето и телото;<br>-ги познава производите за шминкање на лицето и телото;<br>- ги препознава индивидуалните карактери и теми;<br>-ја познава употребата на периката;<br>-ги следи новините во шминкерската професија;<br>-го гарантира квалитет на работата;<br>-го гарантира квалитетот на произведениот материјал;<br>-обезбедува стручен и здравствен надзор од релевантната институција;<br>-рационално ги користи материјалот, струјата и времето; | | | |
| | | **10. КОМУНИКАЦИЈА И РАБОТНА ЕТИКА** | -работи во согласност со професионалната етика.<br>-учествува во професионалниот тим;<br>-комуницира со соработниците;<br>-набројува форми на писмена деловна комуникација со разни деловни субјекти (банки, добавувачи, потрошувачи и клиенти );<br>-комуницира со клиентот;<br>-дава изјави за јавност и се рекламира;<br>-применува деловна писмена комуникација;<br>-врши, нарачки; | Задолжителен | 10 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 11.П РЕТПРИЕМНИШ ТВО И БИЗНИС | -приговара писмено;<br>-договара и склучува договори;<br>-пишува барања, молби;<br>-познава основи на работна етика и морал;<br>-се придржува на законската регулатива за работна етика и морал;<br>-ги познава последиците од непочитиување на работната етика и морал.<br>-набројува елементарни права од работен однос;<br>-ги препознава должностите и одговорностите кои произлегуваат од законот за работни односи;<br>-дефинира мал бизнис<br>-објаснува поим претприемништво;<br>-набројува карактеристики на претприемачите;<br>-набројува форми на организација на мало претпријатие;<br>-набројува основни правила за започнување на сопствен бизнис;<br>-ги набројува елементите на бизнис план;<br>-препознава намена и потреба од изработка на бизнис план;<br>-препознава добра структура на бизнис план;<br>-ги следи можностите за отварање на бизнис и поволностите на разните проекти за развој на мали и средни претпријатија. | Задол жителен | 10 | Усна проверка<br><br>Писмена проверка-тест на знаење на одредени содржини<br><br>Усна проверка<br><br>Писмена проверка-тест на знаење на одредени содржини |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **18.** | **Проверка на постигнатите резултати** | **Период на оценување** | **Методи на оценување** | **Критериуми за оценување** | **Времетраење на оценувањето (мин.)** |
| | | Проверка на постигањата на кандидатите се врши континуирано, во тек и по секоја тематска целина и во рамките на завршниот испит | Усна проверка<br><br>Писмена проверка-тестови на знаење на одредени содржини<br><br>Потфолио за кандидатот<br><br>Практична работа | - способност за примена на теоретски знаења за практична работа<br>- способност за самостално воочување и решавање на проблеми<br>-умешност во примена на разни техники<br>-способност за користење на опремата и приборот<br>- изглед на кандидатот, хигиена,и, комуникација | 100<br>400<br><br>600<br>300<br><br>100 |
| ***19** | **Стандарди на занимања** | Шминкер | | | |
| **20.** | **Самоевалуација/ внатрешна евалуација** | Учесникот пополнува прашалник со индикатори за квалитетот на реализацијата на содржините во модулот, применливоста, односот на обучувачите, времето и начинот на реализација, вежбите и практичната обука во целост.<br>Евалуацијата ќе се изведува по завршувањето на секоја тематска целина, по реализацијата на целата програма и на крај за реализацијата на завршниот испит.<br>По анализата на добиените резултати ќе се подобрат подрачјата за кои учесниците имаат свои забелешки.<br>Евалуација од изведувачите на обуката заради согледување на квалитетот, структурата и содржините на тематските целини, подобрување и евентуално усовршување на програмите. | | | |
| **21.** | **Наставен кадар** | За стручно теоретскиот дел од обуката: наставен кадар со завршени студии по медицина, технологија и економија, со 3 години работно искуство во настава<br>За практичниот дел од обуката мајстор шминкер со 3 години искуство во занимањето. | | | |

| | | |
|---|---|---|
| *22 | **Поддршка на учесниците** | Кавилификуван кадар со андрагошко искуство<br>Мотивација пред почетокот на програмата, во текот на самата реализација на програмата од стручнотеоретскиот дел преку потполна и позитивна повратна информација за напредокот на учесникот и по секоја од практичните изведби.<br>Отвореност на обучувачите за индивидуална помош, групна помош и соработка во решавањето на потешкотиите во реализација на содржините и/или практичните активности.<br>Давање на информации на учесниците за погодностите и можностите за вработување и самовработување и за погодностите на ова занимање.<br>Пристапност до интернет и користење на стручна литература. |
| 23. | **Опрема и наставни помагала** | Училница/ кабинет опремена со работен стол, апаратура, ~~прибор и инструменти~~, ~~помошна~~ опрема за складирање на потребниот работен и помошен алат и прибор, постери, слики, модели, збирка на помагала, табла, видео бим, комјутер и интернет мрежа.<br>Козметички салон за шминка, опремен со потеребните апарати и опрема за примена на сите видови на шминка, бојадисување и обликување на веѓи и обликување на трепки, изведба на целна шминка според програмата за шминкер. |
| *24 | **Мерки за заштита и безбедност** | Задолжителен микробиолошки наод (брис од нос и грло). Работна облека, раквици, средства за лична иигиена, дезинфекција, обука за лична хигиена и хигиена на работното место, стерилизација и превентива од заразување и инфекции. |
| *25 | **Финансирање на програмата** | Индивидуално со самофинансирање или финансирање од Програми на Владата на РМ за вработување за барани занимања на пазараот на трудот, обуки преку АВРМ, програми од странски донации за намалување на невработеност, програми за самовработување и сл. |
| *26 | **Други установи/институции** | МОН, ЈУ Центар за образование на возрасни, Центар за стручно образование и обука, Агенција за вработување, Локална самоуправо оддел за образование; Регионалниот центар за подршка и развој на претпријатијата Битола. |
| 27. | **Место на спроведување** | Средно општинско училиште Гимназија „Таќи Даскалот“ Битола |
| 28. | **Изјава** | Јас долупотпишаниот/ата:<br>- ја потврдувам точноста на информациите содржани во формуларот<br>- потврдувам дека формуларот е пополнет согласно Прирачникот за верификација на посебни програми за образование на возрасни<br>- потврдувам дека сите потребни услови за спроведување на програмата се исполнети<br>- се согласувам да се врши мониторинг на спроведувањето на програмата од надлежните институции |
| 29. | **Име и презиме на директорот**<br><br>**Потпис и печат на установата/институцијата** | Димче Ивановски |